# ЕДУКАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ ВО ДЕТСКА КЛИНИКА-ТОКУДА БОЛНИЦА СОФИЈА,Р.БУГАРИЈА

ЈЗУ.Здравствен Дом –Струмица
Токуда Болница Софија,Р.Бугарија
(Јуни 2016година)
Д-р.К.Џатева Митрева
(специјализант по Вонболничка педијатрија)

Датум на презентација:2016 година



Болница Токуда Софија е лоцирана во јужниот дел од град Софија.Истата е јапонска инвестиција,создадена од д-р.Т.Токуда,многупрофилна болница од 37 клиники и одделенија во која работат висококвалифицирани медицински екипи во најсовремени медицински услови веќе неполни 10 години(од 2006год)




-структура на Болница Токуда Софија

Во својство на лекар на едукација во странство, имав привилеѓија да престојувам, а воедно и да се едуцирам на Клиника по детски болести  во периодот од 06.06.2016г.-24.06.2016година.

Клиниката по педијатрија се состои од четири амбуланти од кои едната е е опремена со ЕХО-апарат,локализирани на приземје, и од детско одделение со вкупно 32 болнички кревети,локали-Зирано на 8-ми спрат.

Во Клиниката по педијатрија работат 12 доктори педијатри суб-специјалисти  и 20 медицински сестри.
Поделена е на повеќе сектори и тоа:
-детска пулмологија со алергологија;
-детска гастроентерохепатологија;
-детска ендокринологија;
-детска ревматологија;
-детска нефрологија;







-педијатарски амбуланти






-детско одделение

Тринеделната едукација се одвиваше под менторство на Д-р.Калин Лицички,специјалист по детска ревматологија(началник на Детска Клиника).

Едукацијата се состоеше од:

-секојдневно присуство и учество во утрешните рапорти;

-секојдневно присуство и учество во утрешните визити на хоспитализираните пациенти;

-назначување на соодветни испитувања(лабораториски анализи,рендгенолошки ,еходијагностички,ендоскопски испитувања и сл. );

-интерпретирање и толкување на веќе добиените резултати од назначените испитувања;

-работа по протоколи;

-работа во амбуланта;

-присуствував при вршење на специфични испитувања(ехо на абдомен

гастроскопија,колоносопија и подготовка на пациентот за нивно спроведување,алерголошки тестови,ОГТТ,провокациони тестови за следедење нивото на одредени хормони,изготвување на дневно мени и водење на дневници за самоконтрола кај деца болни од Diabetes Mellitus итн.);

Особено впечаток ми остави следното:
-се прави Montoux-тест на секој белодробно болен со неизјаснета етиологија со цел уточнување на дијагнозата;
-визитата на хоспитализираните пациенти се води без присуство на медицинска сестра;
-во амбуланта се дели терапија строго само за перорална и пер-ректална администрација,додека парантерална терапија се дели само на одделение на хоспитализирани болни;
-амбулаторно спроведениот преглед е всеопфатен т.е освен анамнеза,
статус,физикален преглед,истовремено  се даваат совети за правилен раст,развој,исхрана  на детето,совети во врска со имунизацијата и има можност за вршење на ехографски,редгенолошки,лабораториски и сл.прегледи во денот на амбулаторниот прегед,со што се добива комплетна слика за состојбата на болниот истиот ден и можност да се постапи правилно соред барањата на дијагностицираното заболување;
-ендоскопските испитувања се прават строго под општа анестезија;
-ставено е силен акцент и се води сметка за превенција и контрола од интрахоспитални инфекции;
-работата се врши тимски и со професионализам во една мирна и при-
јатна атмосфера адаптирана токму за најмалите;
итн.

За време на едукацијата имав можност да се запознаамсо календа-рот на задолжителните вакцини во Р.Бугарија како и на оние кои се по желба на родителите.

Како и во Р.Македонија и во Р.Бугарија се користат поливалентни вакцини.

Разликата е во тоа што во задолжителните вакцини е вклу-чена конјугирана пнеумококна вакцина во три дози(со полни 2м,3м и 4м) во доза од 0,5ml IM.

Вакцините против HPV и ротавирус се незадолжителни.Се води сил-на кампања за воведување во редовните вакцини,но мислењата за за истите се различни.



ИМУНИЗАЦИОНЕН КАЛЕНДАР НА РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ

| НАВЪРШЕНА ВЪЗРАСТ | ИМУНИЗАЦИЯ ПРОТИВ | ВАКСИНА | НАЧИН НА ПРИЛОЖЕНИЕ |
|---|---|---|---|
| През първите 24ч. след раждането | Хепатит В (I прием) | Рекомбинантна хепатит В ваксина | мускулно, 0.5 мл |
| От 48-ия ч. след раждането | Туберкулоза | БЦЖ ваксина | вътрекожно, 0.1 мл |
| 1-ви месец | Хепатит тип В (II прием) | Рекомбинантна хепатит В ваксина | мускулно, 0.5 мл |
| 2-ри месец | Полиомиелит, Дифтерия, Тетанус, Коклюш, Хемофилус инфлуенце тип В (I прием) | Комбинирана 5-компонентна ваксина срещу Дифтерия, Тетанус, Коклюш с ацелуларна компонента, инактивирана Полиомиелитна ваксина, конюгирана ваксина срещу Хемофилус инфлуенце тип В | мускулно, 0.5 мл |
| | Пневмококи (I прием) | Конюгирана пневмококова ваксина | мускулно, 0.5 мл |
| 3-ти месец | Полиомиелит, Дифтерия, Тетанус, Коклюш, Хемофилус инфлуенце тип В (II прием) | Комбинирана 5-компонентна ваксина срещу Дифтерия, Тетанус, Коклюш с ацелуларна компонента, инактивирана Полиомиелитна ваксина, конюгирана ваксина срещу Хемофилус инфлуенце тип В | мускулно, 0.5 мл |
| | Пневмококи (II прием) | Конюгирана пневмококова ваксина | мускулно, 0.5 мл |
| 4-ти месец | Полиомиелит, Дифтерия, Тетанус, Коклюш, Хемофилус инфлуенце тип В (III прием) | Комбинирана 5-компонентна ваксина срещу Дифтерия, Тетанус, Коклюш с ацелуларна компонента, инактивирана Полиомиелитна ваксина, конюгирана ваксина срещу Хемофилус инфлуенце тип В | мускулно, 0.5 мл |
| | Пневмококи (III прием) | Конюгирана пневмококова ваксина | мускулно, 0.5 мл |
| 6-ти месец | Хепатит тип В (III прием) | Рекомбинантна хепатит В ваксина | мускулно, 0.5 мл |
| 7-ми месец | Проверка за белег от БЦЖ имунизация. На децата без белег се прави проба Манту (5 МЕ ППД) и отрицателните се реимунизират | БЦЖ ваксина | вътрекожно, 0.1 мл |
| 12-ти месец | Реимунизация пневмококи, не по-рано от 6 месеца след третия прием (IV прием) | Конюгирана пневмококова ваксина | мускулно, 0.5 мл |
| 13-ти месец | Морбили, паротит и рубеола | Комбинирана ваксина морбили, паротит и рубеола | мускулно, 0.5 мл |
| 16-ти месец, не по-рано от 1г. след III прием | Реимунизация - полиомиелит, дифтерия, тетанус, коклюш, хемофилус инфлуенце тип В (IV прием) | Комбинирана 5-компонентна ваксина срещу дифтерия, тетанус, коклюш с ацелуларна компонента, инактивирана полиомиелитна ваксина, конюгирана ваксина срещу хемофилус инфлуенце тип В | мускулно, 0.5 мл |
| 6 години | Реимунизация - полиомиелит, дифтерия, тетанус и коклюш (V прием) | Комбинирана 4-компонентна ваксина срещу дифтерия, тетанус, коклюш с ацелуларна компонента и инактивирана полиомиелитна ваксина | мускулно, 0.5 мл |
| 7 години | Реимунизация - туберкулоза (след отрицателна проба Манту) | БЦЖ ваксина | вътрекожно, 0.1 мл |
| 11 години | Реимунизация - туберкулоза (след отрицателна проба Манту) | БЦЖ ваксина | вътрекожно, 0.1 мл |
| 12 години | Реимунизация - морбили, паротит и рубеола | Триваксина морбили паротит и рубеола | мускулно, 0.5 мл |
| | Реимунизация - тетанус и дифтерия | ТД ваксина | мускулно, 0.5 мл |
| 17 години | Реимунизация - тетанус и дифтерия | ТД ваксина | мускулно, 0.5 мл |
| | Реимунизация - туберкулоза (след отрицателна проба Манту) | БЦЖ ваксина | вътрекожно, 0.1 мл |
| От 25-ата година, през 10 години | Реимунизация - тетанус и дифтерия | ТД ваксина | мускулно, 0.5 мл |

*В сила от 01.01.2010 (Преходни и заключителни разпоредби, § 13 на Наредба за изменение и допълнение на Наредба №15 за имунизациите в Република България (ДВ> бр.45/2005), обн. в ДВ бр.57 от 24.07.2009г.)

-имунизациски календар во Р.Бугарија




-дел од едукативен материјал за незадолжителните вакцини

Во Токуда Болница Софија се спроведуваат специјализации од различни профили.Имав  можност да се запознаам со специјализант по педијатрија и да се запознаам со програмата за специјализација. Предност е тоа што специјализацијата по педијатрија трае 4 години од кои првите две се по општа педијатрија а останатите две се по субспецијализацијата што ја избираш пред започнување со специјализирање.

По 4 години добиваш диплома за педијатар субспецијалист.



Чест и задоволство ми беше да бидам дел од вакви високо реномирани медицински установи,макар и на кратко. Стекнатото искуство и нови знаења несебично ќе бидат споделени со останатите колеги со цел унапредување на нашиот здравствен систем и пружењето на поквалитетни здравствени услуги на пациентите.

Ви благодарам на вниманието!!!

д-р.Катерина Џатева Митрева
специјализант по Вонболничка Педијатрија